**Известување за концентрација со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., Словенија ќе стекне индиректна контрола над недвижен имот на Л33 друштво за недвижности д.о.о., Словенија**

**(предмет бр. 08-79 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на индиректна контрола над недвижен имот: земјиште на катастарска парцела бр. 127/226 и бр. 127/256, катастарска општина 1730 Мосте, лоцирано на Леталишка цеста во Љубљана, Словенија, заедно со зградата која ќе биде изградена на земјиштето од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија. Недвижниот имот е во сопственост на Л33 друштво за недвижности д.о.о. со седиште на Литостројска цеста 44А, 1000 Љубљана, Словенија.

Трансакцијата ќе се спроведе врз основа на договор продажба од 20.03.2024 година_ склучен помеѓу ЛЕТАЛИШКА, наменско друштво за недвижности д.о.о., со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, Љубљана, Словенија како купувач и Л33 друштво за недвижности д.о.о., како продавач. Директен содружник на ЛЕТАЛИШКА е АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.д.о.о.,. АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.поседува 100% од основната главнина во ЛЕТАЛИШКА.

Целта на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. е да генерира принос за инвеститорите преку инвестиции во комерцијални недвижности. Фондот инвестира во портфолио на комерцијални и канцелариски недвижности, логистички и медицински центри. Единствената цел на Фондот е да ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во согласност со инвестициската политика во портфолио од повеќе имоти со цел диверзификација на ризиците, а во исто време управителот на Фондот исто така обезбедува професионално управување и одржување на имотот преку внимателно избрани изведувачи. Регистрирана дејност на друштвото е: активности на управување со фондови.

АЛФИ Групата моментално има 2 поврзани друштва во Република Северна Македонија:

**-Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје** со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност– трговија на големо со друга стока за домаќинства, и

**-Друштво за трговија и услуги ДИВЕРТО ИНФОРМАЦИСКА СИГУРНОСТ ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Киро Крстевски бр. 33/1 Скопје со приоритетна дејност-компјутерски консултантски дејности.

-Регистрирана дејност на **Л33 друштво за недвижности д.о.о.** е изградба на станбени и нестанбени згради.

Л33 друштво за недвижности д.о.о. нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија ниту генерирало приход на пазарот во Република Северна Македонија.

Релевантен пазар за ова известување е пазарот на изнајмување на комерцијални недвижности и пазарот на управување со недвижности.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

30.04.2024 година

Скопје